Да помине покрај секоја камила и да им го скине ѓерданот од конец и секој друг ѓердан од околу вратот“

Од Ебу Бешир ел Енсари, радијаллаху анху, се пренесува: Во една прилика бил на патување со Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, и раскажал: „Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, испрати емисар – додека луѓето беа во своите шатори – и му кажа: „Да помине покрај секоја камила и да им го скине ѓерданот од конец и секој друг ѓердан од околу вратот“.

[صحيح] [متفق عليه]

Во една прилика кога Аллаховиот Пратеник бил на пат, и додека останатите престојувале во шатори каде што обично одморале и спиеле, испратил човек и му наредил да ги извади ѓерданите кои биле закачени за камилите, без разлика дали се работи за обичен конец или пак се работи за конец за лак – за ѕвоно или за папучи. Вака нареди затоа што луѓето ги ставаа за да се заштитат од урок, па им беше наредено секоја да се искине, бидејќи тие (амајлиите) не можат да им бидат од корист, затоа што и коришта и штетата се во Рацете на Аллах, Единствениот, Тој нема здруженик.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6761

النجاة الخيرية
ALNAJAT CHARITY
لجنة الدعوة الإلكترونية
EDC E-Da'wah Committee